ADING

# АДИНГКОЛОР-Ф

*Акрилатна фасадна боја за завршна обработка на надворешни ѕидни површини*

## Област на примена:

За декоративна и заштитна завршна обработка на бетонски, малтерисани или глетувани надворешни ѕидни површини. Се користи и при санација и обнова на фасади на стари објекти. Употребата на Адингколор Ф, овозможува заштита на обработените површини од атмосферски влијанија и го спречува површинското оштетување на подлогата, со што се добива долготрајна и стабилна декоративна заштита на фасадата.

## Својства:

- еднокомпонентен;
- водонепропусен;
- паропропусен;
- отпорен и постојан на атмосферски влијанија;
- отпорен на суво и мокро триење
- одлична покривност;
- одлична атхезија за подлогата;
- UV стабилен;
- лесен за изведба;
- економичен;
- се тонира во различни бои

## Технички карактеристики:

| **Својства** | **Декларирана вредност** |
|---|---|
| Изглед | Обоена пастозна смеса |
| Густина<br>EN ISO 2811-1 | (1.5 - 1.55) g/cm³ |
| Време на сушење при 20ºC, релативна влажност од 65%<br>ISO 9117-3 | површински, на допир ~3h<br><br>целосно сушење на слој 4-6h |
| Сјај | мат |

## Методологија на изведба:

**Подготовка на подлогата**

Подлогата треба да биде здрава, сува, чиста, обезмастена и обеспрашена, без лабилни позиции. Новите вградени малтери, како и фасадните глет маси, при нормални услови, на релативно суво време и температура од 20°C, потребно е да созреат најмалку 1ден за секој mm од дебелината. Новите бетонски подлоги треба бидат стари најмалку 28 дена од вградувањето. Кај подлогите, кои имаат постоечки премаз, потребно е да се одстранат сите лабилни позиции, како и постоечките премази, особено тие, кои се растворливи во вода. Фасадната обработка од Адингколор Ф е премаз, кој колоритно ќе ја покрие ѕидната површина и истовремено ќе ја отслика текстурата на подлогата. Затоа, доколку се работи за локално санирање на подлогата, која треба да се обои со Адингколор Ф, тогаш треба да се очекува дека разликата во обработките на подлогата ќе остане видлива. Пред нанесување на фасадната боја, површината треба да се прајмерира со подлога од Прајмер В. Нанесувањето е со четка, валјак или со распрскување. Температурата на подлогата треба да биде од +5°C до +35°C. Нанесувањето на Адингколор Ф, при температура од 20°C и релативно ниска влажност на воздухот, е по 30 минути од нанесувањето на Прајмер В.

**Вградување**

Адингколор-Ф, се нанесува во два или повеќе слоеви. Вградувањето може да се изведе со четка, валјак или со распрскување. За нанесување на првиот слој, количината од материјалот, која е наменета за овој слој, се раствара со додавање на вода до 15%, по што смесата бавно се меша до воедначување (хомогенизација). За нанесување на вториот слој, разредувањето со вода е до 10%. Нанесувањето на вториот слој е по целосно сушење на првиот слој, а временскиот период помеѓу слоевите на температура од 20°C и влажност на воздухот од 65% е 4-6 часа. Обработените површини треба да се заштитат од сонце, силен провев, дожд и прашина во период од 24 часа по вградувањето. Заштитата на површините е со завеси. При нанесување на тонирана боја, потребно е пред нанесувањето, целата количина на материјал да се воедначи во еден голем сад, а потоа да се нанесува на ѕидната површина. Поради тоа, препорачуваме потребната количина на материјал за целата позиција, да се порача одеднаш, според просечната потрошувачка на материјал, дадена во овој технички проспект. Доколку количината на материјал за нанесување е прилично голема за хомогенизирање во еден сад, тогаш препорачуваме прво да се замешаат три пакувања во еден сад, а потоа, со секе намалување на количината за една третина да се додаде ново пакување во смесата. По секое додавање на ново пакување, смесата се воедначува со бавно мешање. Корегирање на тонираната боја во текот на изведбата, со пигменти, разредување и слично, не е дозволено.

ADING

## Одржување:

Површините обработени со Адингколор Ф не бараат посебно одржување. Прашината и нечистотиите на фасадата, кои се механички врзани за обработката, можат да се одстранат со метла, правосмукалка или со вода. Прашината и нечистотиите на фасадата, кои се механички и хемиски врзани за обработката, можат да се одстранат со нежно триење на површината со мокра крпа или лесни детергенти, а потоа позицијата треба да се измие со чиста вода. Доколку постоечките флеки на фасадната површина е невозможно да се одстранат на наведените начини, тогаш е потребно пребојување на површината, каде се наоѓаат флеките. Пред нанесувањето на новата боја, неопходно е претходно прајмерирање на подлогата со Прајмер В. Мрсните флеки е потребно претходно темелно да се отстранат, пред прајмерирање на подлогата и обработка на површината со Адингколор Ф.

## Потрошувачка:

Во зависност од површината на која се нанесува

| | |
|---|---|
| Прајмер В | 0,15 - 0.25 kg/m$^2$ |
| Адингколор-Ф (два слоја) | 0,40 - 0,50 kg/m$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употреба.

## Пакување:

Во пластични канти од 5 и 25 kg

## Складирање:

Во оригинално пакување, на температура од +5°C до +30°C и заштитен од директно влијание на сончевите зраци. Рок на употреба: 12 месеци.

## Стандардни бои:

Бела и транспаретна база за тонирање во 250 бои од стандардната тон карта на АДИНГ.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување. При инцидентен контакт на производот со кожата треба да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Адингколор-Ф е незапалив.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингколор-Ф се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип одпад. .
Препорачуваме начинот на нанасување и потребнте количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задожителна примена на соодветна опрема.

ADING
Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: + 389 / 02 2034 840,  2034 820, Факс: + 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk